# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
# ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## СООПШТЕНИЕ

Операторот на електродистрибутивниот систем, врз основа на член 94 став (2) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) е должен секоја година да подготви план за развој на системот за период од следните пет години и по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), да го усвои планот и да го објави на својата веб страница.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје на 31 декември 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика достави на одобрување ажуриран План за развој на електродистрибутивниот систем за период 2021-2025 година бр. 12-2210/3 од 31 декември 2020 година.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика одлучи да не се одржуваат подготвителни седници и комуникацијата со засегнатите страни да се одвива по електронски пат.

Имајќи го предвид горенаведеното, на линкот подолу е Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2021-2025 година доставен од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје по којшто најдоцна до 20 јануари 2021 година можете да доставувате забелешки, коментари и предлози на erc@erc.org.mk.

Со почит,

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

План за развој на електродистрибутивниот систем за период 2021-2025 година доставен од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6$^{ти}$ спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019